МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 40 став 14 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 27/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ПРИГОВОРИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори.

## Член 2

Книгата за приговори е во А4 формат со димензии 210 mm x 297 mm во која се содржани меѓусебно поврзани евиденциони листови за спорен тутун.

## Член 3

Книгата за приговори се води во пишана и електронска форма.

## Член 4

Формата и содржината на книгата за приговори се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори („Службен весник на Република Македонија" бр.181/11 и 201/16).

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 29-6595/4
9 октомври 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Арјанит Хоџа, с.р.

**ОТКУПУВАЧ:**

_______________________________________________

/назив и седиште на откупното препријатие/

**ОТКУПНО МЕСТО**:

_______________________________________________

/адреса и сопственост/

ПРОЦЕНИТЕЛ:

_______________________________________________

/име, презиме, број и датум на издавање на лиценцата за процена на тутун/

Потпис на проценител:

_________________

# К Н И Г А  З А  П Р И Г О В О Р И

Откуп на тутун од реколта______ год.

Бр. _____________Вага за процена

## ЕВИДЕНЦИОНЕН ЛИСТ ЗА СПОРЕН ТУТУН

| Ред бр. на производител | Дата на прием на приговор/ откуп | Име и презиме на производителот | Име и презиме на претставник на здружение | Број на договор за откуп | Број на бала/ кутија | ПРВОСТЕПЕНА ПРОЦЕНА | | | | | | | | | | | | | | | | ОДЛУКА ЗА ПРОЦЕНА ОД ВТОРОСТЕПЕНА КОМИСИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Тип "_____" категорија I во кг. КЛАСА | | | | | Тип "_____" категорија II во кг. КЛАСА | | | ВКУПНО во кг. I и II категорија | ОДБИТОЦИ во кг. | | | | | | | | | | |
| | | | | | | I | II | III | IV | Вкупно | I | II | Вкупно | Тежина кг. | Влага во % | ВЛАГа во кг. | ПЕСОК во % | ПЕСОК во кг. | нетутунски материи во % | нетутунски материи во кг | ВКУПНО одбитоци во кг. | Датум на записник | Број на записникт | Класа | Нето Тежина во кгр. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Потпис на производител/претставник на здружението

______________________________